РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-916/5
23.03.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 10. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 10.3.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, д-р Ивана Стојановска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, м-р Горјан Шеќеринов, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 10. седница на Советот. Седницата почна во 12:30 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од 4. Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 2.3.2026 година.
2. Усвојување Предлог-записник од 9. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 2.3.2026 година.
3. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата на ТРД Телевизија Кочани-ЛД ДООЕЛ Кочани.
4. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – услуга: Истражување на медиумската писменост кај средношколци од трета и четврта година.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и со 6 гласа „за“ и еден „воздржан“ глас од Петар Џуровски го усвои предложениот записник од 4. Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 2.3.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и со 6 гласа „за“ и еден „воздржан“ глас од Петар Џуровски го усвои предложениот записник од 9. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 2.3.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи Предлогот за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата на ТРД Телевизија Кочани-ЛД ДООЕЛ Кочани. Во образложението наведе дека на радиодифузерот, на 12 јануари оваа година, му била доставена фактура за плаќање на годишниот надоместок за телевизиско емитување во износ од 127.146,00 денари, која не била платена во законски утврдениот рок од 30 дена. Поради непостапување по обврската, Советот на седницата одржана на 24 февруари покрена постапка за одземање на дозволата. Во меѓувреме, на 5 март во целост го уплатил износот по основ на годишниот надоместок, со што се исполнети законските услови до Советот да се достави предлог за запирање на постапката за одземање на дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Кочани-ЛД ДООЕЛ Кочани, УП1 бр.08-44 од 7.9.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-697/3 од 6.3.2026г., ТРД Телевизија Кочани-ЛД ДООЕЛ Кочани, годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр. 2026-100-0014 од 12.1.2026 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, се задолжува горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Директорот Трајчевски го образложи Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево. Тој наведе дека радиодифузерот не го платил годишниот надоместок за телевизиско емитување во износ од 118.740,00 денари, како и дека Агенцијата и претходно имала проблеми со него во исполнувањето на законските обврски. По два неуспешни обиди за доставување на фактурата, таа била испратена по електронски пат на е-поштата со која радиодифузерот е регистриран во Централниот регистар. Законскиот рок од 30 дена од приемот на фактурата истекол на 7 март, а уплата не била извршена. Поради тоа, се

предлага Советот да донесе одлука за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

Советничката Зирјета Јајага, праша на кој начин е остварена комуникацијата со ТВ Гурра, односно дали радиодифузерот е контактиран телефонски или по електронска пошта.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика, Горан Радиновиќ, објасни дека, согласно законот, фактурата двапати била испратена по препорачана пошта, но од поштенската служба било доставено известување дека пратката не била подигната. По исполнување на условот за двојна достава по пошта, фактурата била испратена на официјалната е-пошта на радиодифузерот, по што тој бил известен и телефонски. Тој додаде дека пред неколку дена повторно бил остварен телефонски контакт, при што радиодифузерот бил информиран дека крајниот рок за плаќање е 7 март 2026 година, но управителот изјавил дека во моментот нема да изврши уплата, и дека можно е тоа да го направи во дополнителниот рок од 15 дена.

Советничката Јајага, по даденото образложение, констатира дека радиодифузерот е повеќе пати контактиран и информиран.

Советникот Петар Џуровски праша каква е процедурата за покренување постапка за одземање на дозволата, односно дали претходно се испраќа опомена и колкав е рокот за плаќање.

Директорот Трајчевски објасни дека, во однос на плаќањето на надоместокот за телевизиско или радио емитување, законот не предвидува испраќање опомена, туку утврдува рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата за извршување на уплатата. Доколку надоместокот не се плати во тој рок, се покренува постапка за одземање на дозволата, при што се остава дополнителен рок од 15 дена. Доколку и во тој рок не се изврши уплата, дозволата се одзема.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево, УП1 бр.08-58 од 7.9.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не плаќање годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр. 2026-100-0020 од 12.1.2026 година.

Доколку наведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата, во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево, УП1 бр.08-58 од 7.9.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка на услуга – истражување на медиумската писменост кај средношколци од трета и четврта година. Во образложението наведе дека Агенцијата има законска

обврска да ја поттикнува медиумската писменост, и во тие рамки, да соработува со надлежни институции, во конкретниот случај со Министерството за образование и наука. Набавката е предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2026 година, а средствата за нејзина реализација се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата. Согласно проценетата вредност, постапката ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка, при што ќе бидат почитувани одредбите од Законот за јавни набавки. Постапката ќе започне со објавување оглас на Електронскиот систем за јавни набавки и во „Службен весник на Република Северна Македонија". Сите останати податоци во врска со јавната набавка се содржани во материјалите доставени по оваа точка.

Советничката Афрона Врзиволи праша кои средни училишта ќе бидат опфатени во истражувањето на медиумската писменост.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска, објасни дека примерокот за ова истражување, како и примерокот за истражувањето спроведено во 2023 година со ученици од прва и втора година, ќе биде изработено во соработка со Министерството за образование и наука. Истражувањето најверојатно ќе опфати ученици од сите средни училишта во државата, од гимназиско и стручно образование. По изборот на економскиот оператор, Министерството ќе ги обезбеди потребни податоци, по што избраниот оператор ќе го спроведе истражувањето.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка-услуга: истражување на медиумската писменост кај средношколци од трета и четврта година.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - истражување на медиумската писменост кај средношколци од трета и четврта година е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-869/1 од 4.3.2026 година (пречистен текст), а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Точка 6**

**Разно**

Советничката Цветанка Миновска информираше дека веќе е формирана работната група за измени на Изборниот законик и дека е избран претседател на групата. Таа постави прашање до директорот дали Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги добила покана за учество во работната група за деловите што ја засегаат Агенцијата, со цел да се избегнат проблеми на идните парламентарни или локални избори, особено во врска со одредбите од законот што се однесуваат на платената политичка програма. Дополнително, таа предложи Агенцијата да покрене иницијатива за уредување на платена политичка програма на онлајн порталите, со услов порталите кои не се регистрирани во АВМУ нема да имаат право да се пријават во Држававната изборна комисија за платено политичко рекламирање.

Директорот Трајчевски објасни дека, по објавените информации за формирањето на работната група и изборот на претседател, испратил порака до министерот за правда со прашање дали постои намера или план во работната група да

бидат вклучени и други засегнати институции, како што се  Државениот завод за ревизија, Државна изборна комисија,  Државна комисија за спречување на корупција и Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги . Тој додаде дека сѐ уште нема добиено одговор од министерот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**